# З А П И С Н И К

Од 27 -та седница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 03.07.2023 година (понеделник) во салата на општина Крива Паланка’’ со почеток во 12 :00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Изабела Павловска.

Од 19 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 19 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА,

**СОВЕТНИЦИ**

2. МИХАИЛ ДЕЈАНОВСКИ
3. ТАЊА ДЕЈАНОВСКА МИТРОВСКА
4. СРЕТИМИР НИКОЛОВСКИ
5. НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
6. АЛЕКСАНДРА ЈОВАНОВИЌ
7. МЕРИ МИТРОВСКА ЈОВАНОВСКА
8. ВЛАТКО С.РИСТОВСКИ
9. МАРТИН ПОЦЕВСКИ
10. БИЛЈАНА КРСТЕВСКА
11. ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
12. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ
13. ЕМИЛ СПАСОВСКИ
14. ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА СТАНОЈКОВСКА
15. ВЛАТКО Д.РИСТОВСКИ
16. ЛЕНЧЕ ИЛИЕВСКА
17. МЕНДЕ РИСТОВСКИ
18. МОМЕ КРСТЕВСКИ
19. СЛАВИЦА ПЕТКОВСКА

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:

Градоначалник Сашко Митовски
Секретар на општина Мартин Николовски
Раководител на правни и општи работи Даниела Велковска

Раководител на Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура Никола Граматиков
Раководител на ЛЕР Антонио Д авитковски

Раководител на Одделение за финансиски прашања Марија Златановска
Директор на ООУ Илинден Лорета Димитровска

Претставник од пензионерите

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од 25-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 19 гласа ЗА.

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од 26-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 19 гласа ЗА.

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од вонредната седница на Совет и истиот беше усвоен со 19 гласа ЗА.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година ;
2. Предлог-Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на ООУ „ИЛИНДЕН“ КРИВА ПАЛАНКА “;
3. Предлог- Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ КРИВА ПАЛАНКА;
4. Предлог – Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на СОУ Ѓорче Петров Крива Паланка ;
5. Предлог-Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година;
6. Предлог- Одлука за субвенциониран превоз на студенти за студиската 2023/2024 кои студират на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка;
7. Предлог –Одлука за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка;
8. Предлог-Одлука за субвенционирање на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка;

9. Предлог-Одлука за зголемување на основна главнина на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности КАЛИН КАМЕН - Крива Паланка;
10. Предлог-Одлука за давање согласност за распишување на постапка со преговарање без објавување на оглас за ангажирање на градежна механизација и тампонирање на места погодени од поплави на територија на Општина Крива Паланка ;
11. Предлог-Решение за разрешување на член на Управниот Одбор на ЈП „Калин Камен “ - Крива Паланка;
12. Предлог-Решение за разрешување член на Управниот одбор на ОУД –„Боро Менков“ - Крива Паланка ;
13. Предлог-Решение за именување член на Управниот одбор на ОУД–„Боро Менков“ - Крива Паланка

Предтседателот со Советот го стави на разгледување дневниот ред на 27-та седница на Совет.

Советничката Ленче Илиевска во име на советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата побара точка10.Предлог-Одлука за давање согласност за распишување на постапка со преговарање без објавување на оглас за ангажирање на градежна механизација и тампонирање на места погодени од поплави на територија на Општина Крива Паланка да се тргне од дневен ред бидејќи оваа точка не треба да биде предмет на разгледување на општината туку надлежност за истата е бирото за јавни набавки.

Секретарот даде образложение по однос на оваа точка

Според советничката Ленче Илиевска законот за јавни набавки никаде не дава надлежност на советот да носи вакви одлуки и исто така побара објаснување од секретарот дали по направените консултации со бирото за јавни набавки и бирото за ревизија имаат добиено нешто во писмена форма за да се даде на увид на советниците или само е направена усна консултација.Секретарот не даде конкретно образложение зошто советот треба да ја донесе оваа одлука.Исто така советничката се изјасни дека советничката група не е против санирањето и тампонирањето на патиштата кои се зафатени од невремето но би требало постапката да се спроведе согласно законските прописи а не вака и затоа ќе гласаат против овој дневен ред.

Според советничката Тања Д.Митровска секретарот даде образложение по однос на оваа точка и истата ќе биде подржана од страна на нејзината советничка група бидејќи не гледаат грешка со донесувањето на оваа одлука бидејќи се грижиме да се реши овој проблем и од практична гледна точка ќе биде исполнета задачата.

Председателот со Советот го стави на усвојување дневниот ред на 27-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 13 за и 6 против.

## РАСПРАВА ПО ТОЧКА ОД ДНЕВЕН РЕД

1.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година ;

Раководителката на одделение за финансиски прашања даде образложение по однос на оваа точка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Никола Јакимовски даде свое видување по однос на оваа точка што според советникот е за поздравување работата на општинската администрација и работата на градоначалникот.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 воздржани ,Советот донесе- **Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година**

2.Предлог-Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на ООУ „ИЛИНДЕН“ КРИВА ПАЛАНКА “;

Директорот на ООУ Илинден даде образложение о однос на оваа точка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Виолета С.Станојковска имаше дадено две сугестии по однос на образложението на директорката.За местото сметководител кое по однос на пензионирање е место испразнето минатата година како е регулирано до сега бидејќи се предвидува да биде реализирано во 2024 година и како втора сугестија за работното место архивар состојбата во сите училишта е иста а никаде не бараат пополнување на ова работно место исто така според советничката би требало да се престане со пракса превработеност на училиштата за да не дојде подоцна до прогласување на технолошки вишок.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,12 гласа ЗА 6 против и 1 воздржан ,Советот донесе- **Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на ООУ „ИЛИНДЕН“ КРИВА ПАЛАНКА**

3.Предлог- Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ КРИВА ПАЛАНКА;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ КРИВА ПАЛАНКА**

4.Предлог – Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на СОУ Ѓорче Петров Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на СОУ Ѓорче Петров Крива Паланка**

5.Предлог-Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година;**

6.Предлог- Одлука за субвенциониран превоз на студенти за студиската 2023/2024 кои студираат на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,1 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за субвенциониран превоз на студенти за студиската 2023/2024 кои студираат на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка;**

7.Предлог –Одлука за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка**

8.Предлог-Одлука за субвенционирање на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,13 гласа ЗА и 6 против,Советот донесе- **Одлука за субвенционирање на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка**;

9.Предлог-Одлука за зголемување на основна главнина на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности КАЛИН КАМЕН - Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,12 гласа ЗА 6 против и 1 воздржан ,Советот донесе- **Одлука за зголемување на основна главнина на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности КАЛИН КАМЕН - Крива Паланка;**

10.Предлог-Одлука за давање согласност за распишување на постапка со преговарање без објавување на оглас за ангажирање на градежна механизација и тампонирање на места погодени од поплави на територија на Општина Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советникот Моме Крстевски советничката Ленче Илиевска даде образложение поради кои причини требаше да биде отстранета оваа точка бидејќи не е во надлежност на советот на општината и не треба да биде ставена на дневен ред .Советникот даде и свое обралoжение поради кое беше гласано против дневниот ред бидеќи истата не беше повлечена од истиот. Поред советникот при изаготвувањето на оваа одлука општинската администрација во уводниот дел на одлуката се повикува на законот за

локална самоуправа , Статутот на општина Крива Паланка и одлука за донесување на кризна состоја настаната од полави на дел од територијата на РСМ а во одлуката не се повикува на законот за јавни набавки како материјален закон врз основа на кој советот на општина е должен да даде согласност за постапката за донесување договор за јавна набавка.За донесување на ваква одлука надлежност има бирото за јавни набавки додека советот нема никаква надлежност за давање согласност и носење на истата. Донесувањето на оваа одлука на денешната седница на Совет е спротивно законот.Советникот Моме Крстевски се изјасни дека неговата советничка група нема да гласаат по однос на оваа точка.

Според секретарот на општината постапката за носењето на оваа одлука на денешната седница на Советот е законска.

Според советничката Ленче Илиевска советот нема надлежност за давање согласност за донесување на ваква одлука според советничката секретарот само сака да го оправда донесувањето на оваа одлука но е спротивно од законот.

Според советникот Никола Јакимовски нема потреба од повторување одлуката на советничката група е нивна дали ќе ја подржат одлуката или не која е во интерес на граѓаните за да се санираат штетите направени од поплавите.

Според советничката доколку се донесе одлуката спротивно од законот за која не е надлежен советот кредибилитетот на советниците.

Според советникот Никола Јакимовски не се нарушува кредибилитетот на советниците со донесувањето на оваа одлука ова претставува помош на граѓаните да се справат со незгодите предизвикани од поплавите.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за давање согласност за распишување на постапка со преговарање без објавување на оглас за ангажирање на градежна механизација и тампонирање на места погодени од поплави на територија на Општина Крива Паланка ;**

11.Предлог-Решение за разрешување на член на Управниот Одбор на ЈП „Калин Камен “ - Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА ,Советот донесе**- Решение за разрешување на член на Управниот Одбор на ЈП „Калин Камен “ - Крива Паланка;**

12.Предлог-Решение за разрешување член на Управниот одбор на ОУД –„Боро Менков“ - Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА ,Советот донесе- **Решение за разрешување член на Управниот одбор на ОУД –„Боро Менков“ - Крива Паланка** ;

13.Предлог-Решение за именување член на Управниот одбор на ОУД–„Боро Менков“ - Крива Паланка .

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 7 возржани ,Советот донесе- **Решение за именување член на Управниот одбор на ОУД–„Боро Менков“ - Крива Паланка**

Со исцрпување на дневниот ред председателот ја заклучува 27-та седница на Советот на општина Крива Паланка

Записничар<br>Клара Стевановска

Претседател на Совет<br>Изабела Павловска